**9.7.** Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Во прво, второ и трето одделение наставата по физичко и здравствено образование ја реализираат одделенските раководители од прво, второ и трето одделение во тандем со предметните наставници по физичко и здравствено образование Катерина Божиновска и Даниела Дамјановска.

# II. ПЛАНИРАЊЕ, РЕАЛИЗАЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ

## 1. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО

**1.1.** Годишната програма за работа на училиштето е донесена на 06.07.2021год. Годишната програма ја содржи целокупната работа на училиштето: настава, ученички организации, слободни ученички активности, здравствена заштита и здравствено образование, јавна и културна дејност, работа и соработка со родители, следење и унапредување на воспитно-образовната дејност, Наставнички совет, Одделенски совети од I-IX одделение, Стручни активи, работа на директорот, работа на училишниот педагог, стручно усовршување на наставниот кадар и стимулирање на учениците за постигнатите резултати.

## 2. ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

Во текот оваа учебна согласно Наставниот план и програма од БРО, наставата по сите наставни предмети во целост е реализирана со комбиниран пристап и тоа со учење на далечина и настава со физичко присуство.

**2.1.** За реализација на редовната настава по задолжителните предмети, навреме беа доставени Годишните планирања на наставниците. Редовно и континуирано се планираа тематските и дневните подготовки на наставните содржини.

**2.2.** Изборните предмети во нашето училиште се бираа преку спроведување на анкети за учениците од 4-8 одделение во месец мај. Анкетните листови се доставуваат на родителите на учениците и родителите во согласност со учениците избираат еден изборен наставен предмет од понудените на анкетниот лист. Одговорите на анкетите ги доставуваат до одделенските раководители кои со список ја известуваат стручната служба за изборот на изборниот наставен предмет на учениците во нивната паралелка. Во согласност со насоките од МОН и БРО се врши распределба на учениците и паралелките за изборните предмети. Изборниот предмет според наставниот план и програма се следи 2 часа неделно. Оваа учебна година поради вонредната состојба со заразното заболување КОВИД 19 анкетите беа дадени преку електронска пошта и одговорите од родителите беа доставени во електронска форма.

Во согласност со Новата концепција за основно образование во согласност со наставните програми за 4 одделение беа реализирани анкети за слободни изборни предмети кои

учениците ќе ги следат во нашето училиште во првото и второто полугодие, а наставата ќе ја реализираат наставниците од активот на 4 одделение.

Според извештаите од спроведените анкети оваа учебна година се изучуваа следните изборни предмети:

| **Изборни предмети** | | |
|---|---|---|
| **Одделение** | **Предмет** | **Наставник** |
| **IVа,б,в** | Слободни изборни предмети | |
| I полугодие | Образование за животни вештини | Дијана Стевковска, Викторија Чалоска, Велибор Бубулевски |
| II полугодие | Одбојка | Дијана Стевковска, Викторија Чалоска, Велибор Бубулевски |
| **Vа,б,в** | Творештво | Татјана Јанкуловска, Елиза-бета Мирчевска, Билјана Стојков |
| **VIа,б, в** | Класична култура на европските цивили-зации | Татјана Ѓеоргиевска |
| **VIа,б, в** | Запознавање со религиите | Татјана Ѓеоргиевска |
| **VIIа,б, в** | Изборен спорт | Александра Николовска, Марјан Угриновски, Катерина Божи-новска |
| **VIIIа,б, в** | Вештини за живеење | Спасе Колеќевски, Марија Златановска, Јадранка Георги-евска |
| **IX а, б, в** | Нашата татковина | Роберт Босилковски |
| | Истражување на родниот крај | Роберт Босилковски |

**2.3.** Училишниот инклузивен тим во согласност со годишната програма за работа во текот на учебната година изврши идентификување на учениците со посебни образовни потреби и со потешкотии во учењето  преку веќе стекнатите сознанија за учениците, пренесување на искуствата помеѓу наставниците и стручната служба, консултации, посета за време на часовите на далечина.

Спроведени беа индивидуални средби и разговори со ученик, помош и поддршка на ученик, соработка со родителите и од страна на наставниците и од страна на стручната служба, соработка со соодветни органи и установи.

Во првото полугодие дел од активности се одржаа онлајн. Стручните состаноци со стручна служба, директор, консултации и поддршка на наставници се одржани преку електронска комуникација (вибер, зоом, телефонски разговори, емаил),, додека во второто полугодие со редуцирање на мерките за заштита од КОВИД 19 состаноците се реализираа со физичко

присуств.. Индивидуалната работа со ученици кои имаа потреба за истото, одржани се и со физичко присуство во училишните простории, со следење на сите мерки и протоколи.

**2.4.** Во текот на учебната 2021/2022 година беше реализирана дополнителна и додатна настава според наставниот план доставен од страна на Бирото за развој на образованието.

| **Дополнителна настава (II-V) одделение** | | | |
|---|---|---|---|
| **Наставен предмет** | **Реализатор/ наставник** | **Одделение** | **Број на часови** |
| Македонски јазик | Активи од 2-5 одделение | II - V | 143 |
| Математика | Активи од 2-5 одделение | II - V | 174 |
| Англиски јазик | Ј. Макалоска/ Г.Ристев-ски/Д.Трајковска/Б. Ризова | II - V | 46 |
| Ликовно образование | Активи од 2-5 одделение | II - V | 1 |
| Природни науки | Александра Блажевска | II - V | 31 |
| Техничко образование | Спасе Колекевски/ Актив од 4 и 5одд. | IV - V | 3 |
| Физичко и здравствено обр. | Активи од 2-5 одделение/ К.Божиновска | II - V | 7 |
| Општество/историја и општ. | Активи од 2-5 одделение | II - V | 20 |
| | | **Вкупно:** | **425** |
| **Дополнителна настава (VI-IX одд.)** | | | |
| **Наставен предмет** | **Реализатор/ наставник** | **Одделение** | **Број на часови** |
| Македонски јазик | Г.Кажлева/Ел.Теодосиевска/В. Љатковски-М.Бајкова | VI - IX | 90 |
| Математика | Ј. Георгиевска/С. Софеска/Р. Стаменкоска | VI - IX | 39 |
| Англиски јазик | Ј. Макалоска/Г. Ристевски/Д. Трајковска | VI - IX | 21 |
| Германски јазик | Зоран Ристовски | VI - IX | 48 |
| Ликовно образов. | Даниела Илиевска Стојчева | VI - IX | 14 |
| Музичко образов. | Марија Златановска | VI - IX | 27 |
| Природни науки | О.Јовческа/А. Блажевска | VI | 9 |
| Информатика | Дијана Ханџиска-Лирие Мемети | VII | 24 |
| Географија | Сузана Јакимовска/М. Стојановска | VI - IX | 59 |
| Историја | Жарко Благојевик/Р. Босилковски | VI - IX | 60 |
| Етика | Татјана Георгиевска | VII | 12 |
| Граѓанско образов. | Татјана Георгиевска | VI - IX | 18 |
| Биологија | Олимпија Јовческа | VI - IX | 19 |
| Физика | Рада Стаменкоска | VI - IX | 19 |
| Физичко образов. | М.Угриновски/А. Николовска | VI - IX | 24 |
| Хемија | Александра Блажевска | VI - IX | 18 |
| | | **ВКУПНО** | **501** |

| Додатна настава (II-V) одделение | | | |
|---|---|---|---|
| | **Реализатор/ наставник** | **Одделение** | **Број на часови** |
| Македонски јазик | Активи од 2-5 одделение | II -V | 122 |
| Математика | Активи од 2-5 одделение | II -V | 129 |
| Англиски јазик | Ј. Макалоска/ Г.Ристовски/Д.Трајковска/Б. Ризова | II -V | 42 |
| Ликовно образование | Активи од 2-5 одделение | II -V | 9 |
| Музичко образование | Активи од 2-5 одделение | II -V | 27 |
| Природни науки | Александра Блажевска/ Активи од 2-4 одд. | II -V | 53 |
| Техничко образование и инфор. | Спасе Колекевски/ Актив од 4 одд. | II -V | 3 |
| Општество/Истоија и општ. | Активи од 2-5 одделение | II -V | 42 |
| Физичко и здравствено обр. | Активи од 2-5 одд. К.Божиновска | II -V | 13 |
| | | **ВКУПНО:** | **440** |

| Додатна настава во (VI-IXодд.) | | | |
|---|---|---|---|
| **Наставен предмет** | **Реализатор/ наставник** | **Одделение** | **Број на часови** |
| Македонски јазик | Г.Кажлева/Ел.Теодосиевска/В. Љатковски-М.Бајкова | VI - IX | 35 |
| Математика | Ј. Георгиевска/С. Софеска/Р. Стаменкоска | VI - IX | 50 |
| Англиски јазик | Ј. Макалоска/Г. Ристевски/Д. Трајковска | VI - IX | 27 |
| Германски јазик | Зоран Ристовски | VI - IX | 27 |
| Ликовно образов. | Даниела Илиевска Стојчева | VI - IX | 21 |
| Музичко образов. | Марија Златановска | VI - IX | 48 |
| Природни науки | Ол.Јовческа/Ал. Блажевска | VI | 4 |
| Информатика | Дијана Ханџиска-Лирие Мемети | VI - IX | 15 |
| Географија | Сузана Јакимовска/М. Стојановска | VI - IX | 56 |
| Историја | Жарко Благојевик/Р. Босилковски | VI - IX | 61 |
| Етика | Татјана Георгиевска | VI - IX | 13 |
| Граѓанско образов. | Татјана Георгиевска | VIII - IX | 21 |
| Биологија | Олимпија Јовческа | VII - IX | 32 |
| Физика | Рада Стаменкоска | VIII - IX | 33 |
| Хемија | Александра Блажевска | VIII - IX | 27 |
| Физичко образов. | М.Угриновски/А. Николовска | VI - IX | 21 |
| | | **ВКУПНО:** | 491 |

**2.5.** Во текот на учебната 2021/2022 година се реализираат часови на одделенската заедница каде се реализира Програмата за Образование за животни вештини. На часовите по одделенска настава исто така се реализираат активности и работилници поврзани со заштита и превенција од Ковид-19, МИО и превенција од интернет и врсничко насилство. Освен во прво и четврто одделение, одделенскиот час е застапен со 36 часа годишно.
Од оваа учебна година нашето училиште е Пилот училиште за реализација на долготајната воннаставна пилот програма за учениците од 9 одделение - Сеопфатно сексуално образование. Оваа Пилот програма се спроведува со согласност од родителите.
Цели на програмата се: да се измерат резултатите на знаења и ставови кај младите за теми од нивен интерес, да се развие наставна програма која одговара на потребите и средината/културата во која живееме и да може полесно да се интегрира во наставата за основно образование согласно новата концепција.

## 3. ИМПЛЕМЕНТИРАНИ ПРОЕКТИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Со цел стручно и професионално усовршување на наставниците како и подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес, квалитетот на учењето во училиштето се спроведуваат проекти за наставници и ученици.
Во текот на првото полугодие од учебната 2021/2022 година во наставата se имплементираат разновидни активности поврзани со следните проекти:

### 3.1. УЧИЛИШТЕ НА 21 ВЕК

Целта на овој проект е кај учениците да се развијат вештини и знаење со кои ќе помагаат при градењето вештини за критичко размислување, решавање проблеми и кодирање. Училиштето доби Микро бит уреди за кодирање, со цел наставниците и децата да се воведуваат во програмирањето преку кодирање. Имаме за цел со овој уред да ги инспирираме младите креативно да ги користат дигиталните вештини и да развијат основни вештини за наука, технологија и инженерството.
Наставниците при реализација на воспитно образовниот процес континуирано го развиваат критичкото мислење поттикнувајќи ги учениците на длабинско учење. Од ова полугодие вклучени во обуки за овој проект беа и наставниците од одделенска настава.
Во училиштето е фомиран клуб за работа со Микро бит уред и кодирање со кој раководи предметниот наставник по информатика и има вклучено ученици од 6-9 одделение кои

имаат интерес, афинитети и способности за продалбочување на своите знаења, умеење и вештини за критичко размислување, решавање проблеми, кодирање и програмирање.

### 3.2. „Бојата на светлината, растот на растенијата и Microbit“

Во првото полугодие беа реализирани следниве активности:

- Набавка на потребните материјали и прибор за работа - се набавија потребни материјали за реализација на проектните активности
- Посетата на ботаничката градина при ПМФ која беше според планотне се реализираше поради мерките за заштита од КОВИД 19
- Се изработија соодветни филтри на светлина за саксиите за секоја боја на светлината Учениците го креираа кодот за автоматско наводнување на растенијата во програмата Screch
- Учениците изработија системот за наводнување кој се управува со помош на микробит.
- Учениците ја тестираа функционалност на микробитот во процесот на наводнување на тревата
- Учениците ја засадија тревата и ја растеа 5 недели при тоа им обезбедуваа еднакви услови за сите 5 саксии според методологијата на истражувањето (еднакво количество на трева ист вид на почва, иста големина на саксии, исто температура, влажност и светлина)
- После петтата недела, учениците ја исекоа порасната трева во сите саксии во висина од 3 сантиметри над коренот и ги поставија филтрите за светлина
- Учениците го следеа растот на растенијата за време од три недели, при што на секои седум дена ја сечеа тревата и ја мереа висината на исечената трева, притоа тоа снимаа и фотографираа и податоците ги внесуваа во табели.
- Сумирање на резултатите и креирање на крајни продукти
- Во текот на месец април проектот беше целосно завршен и известен до донаторот Фондот за Иновации и технолошки развој, при што се доби позитивен извештај за спроведувањето на проектот, со што проектот успешно заврши.

**3.3. Проектот „Биди ин, биди инклузивен, биди инклудиран“** е организиран од Фондацијата „Чекор по чекор“: со цел инвестирање и посветеност кон создавање инклузивни средини за учење. Родителите се информирани за можностите кои се нудат преку овој проект за учениците со ПОП. Беа доделени стипендии на ученици од

Фондацијата, како и туторска поддршка за учениците со ПОП во редовната настава и нивните родители. Училиштето е во постојан контакт со Фондацијата разменувајќи ги сите потребни информации во однос на родителите, успехот и напредокот на учениците и спроведените активности.

### 3.4. „ВЕЛО УЧИЛИШТЕ“

Во рамките на активностите поврзани со проектот „Вело училиште“ во првото полугодие од учебната 2021-2022 година учениците од нашето училиште од 1-9 одделение учествуваа во одбележување на **Европската недела на мобилност од 16 до 22 Септември 2021 година** која го носеше **мотото: „Движете се одржливо, останете здрави!**“. Преку овогодинешното мото се охрабруваат луѓето да одржуваат физичка и ментална кондиција, додека ја истражуваат убавината на нивниот град, регион или земја; да покажат свестност за заштита на животната средина и здравјето на другите, при изборот на нивниот начин на транспорт, спроведување на активности за употреба на алтернативен еколошки транспорт, со цел намалување на емисиите и ублажување на можните последици од истите по животната средина. Учениците и наставниците учествуваа на литературен и ликовен конкурс на тема: **велосипедот од моите соништа**, **еколошки предизвици и решенија во мојата околина** и **јас како еко херој**. Учениците од 4 одделение учествуваа и на еко настан во градскиот парк **„Вело родео“**. На одделенските часови наставниците со учениците во текот на првото полугодие изработија активности поврзани со важноста на велосипедот како средство за еколошки транспорт. Учениците и наставниците учесници на литературниот и ликовниот конкурс добија сертификати за учество и награди. Овој проект е креиран од страна на Здружение на Граѓани Еко Логик, подржан од Швајцарската агенција за развој и соработка во соработка со Општина Карпош и основните училишта. Со реализација на предвидените активности, целта е да се унапреди знаењето за темите: велосипедизам, одржлив транспорт и безбедност во сообраќајот и се очекува подигање на свеста кај учениците, родителите, наставниците и пошироката јавност за важноста на еколошки транспорт со цел заштита на животната околина.

### 3.5. Спорт за развој

СПОРТ ЗА РАЗВОЈ претставува моќна алатка за развивање на спортскиот дух преку развивање на различни вештини, развивање на навики за здраво живеење, пријателство, еднаквост, почитување на другите, играње игри од натпреварувачки карактер, вклученост

на различни спортови, играње игри со повеќе реквизити, единство, љубов, тимска соработка, среќа и унапредување на развојот на личноста.

Во нашето училиште во текот на првото полугодие од учебната 2021/22 година беа одржани повеќе сесеии од Проектот Спорт за развој. Сесиите ги одржа сертифицираниот тренер за Спорт за развој и негова примена, м-р Златица Апостолов вработена како одделенски наставник во училиштето. Сесиите беа одржани во училишниот двор, на спортското игралиште во училиштето, при што беа употребени повеќе реквизити. Една од сесиите беше снимена на 17.11.2021 година (среда), од страна на МРТ, за потребите на образовната емисија SBOH.

Целта на секоја сесија беше учесниците да развиваат различни вештини: одговорност, емпатија, креативност, лидерство, дисциплинираност, тимска работа, комуникација, чувство на припадност, работа под притисок, како и да ги развиваат спортските вештини.

На крајот на секоја сесија се изведуваше рефлексија. За таа цел учесниците земаа активно учество, одговарајќи ги прашањата поставени од страна на тренерот за Спорт за развој. Целта на рефлексиите беше учесниците да разберат кои вештини ги развиваа за време на спортската сесија, како и преку рефлексијата да го развиваат критичкото мислење, каде на учесниците им се поставуваат низа отворени прашања.

## 4.НОВИ АКТИВНОСТИ ВО УЧИЛИШТЕТО СПРОВЕДЕНИ ВО ТЕКОТ НА УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА

### 4.1 Обука како дел од проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“. – Обука на училишни инклузивни тимови фондација „Чекор по чекор“

Целта на оваа обука е подобрување на капацитетите на училишните инклузивни тимови за поефективно вклучување на ученици со попреченост во редовниот наставен процес. Училишниот инклузивен тим учествуваше на оваа 4 дневна обука и ги продлабочи и прошири како своите вештини знаења за работа со ученици со ПОП и развојни проблеми и ја унапреди својата работа со наставниците и учениците со ПОП и развојни проблеми.

### 4.2. Обуки во рамките на проекот „И јас имам глас“ –организиран од Фондацијата „Чекор по чекор“, со поддршка “Save The Children International” – Косово и Шведската Агенција за меѓународен развој.

Целта на проектот е да се подобри јавната свест за важноста на проактивното почитување на правата на децата како и за важноста на градењето капацитети на децата и младите за

активно и одговорно граѓанство и учество во процесите на донесување одлуки кои ги засегаат на училишно и локално ниво.

- Тематски работилници:

❖ „Квалитет на интеракцијата и комуникацијата меѓу учениците, меѓу наставниците и учениците и меѓу родителите и децата и проблемите на кои наишле во услови на изолираност поради КОВИД-19“

❖ „ Сајбер насилство“

❖ **„**Директни и акутни стресни реакции во време на пандемијата предизвикана од КОВИД-19“

❖ „ Проблеми со социјалната изолација предизвикана од КОВИД-19“

❖ „Тешкотии во самоорганизирање и саморегулација на учениците/контрола на импулсивноста и нејзино моменталното задоволување“

## 4.3. Проект “Охрабрување на децата и младите во Северна Македонија да станат двигатели на промените за намалување на ранливоста на заедниците од климатските промени“

Во периодот од (октомври-декември 2021 година) дел од наставниот кадар, училишниот психолог и ученици од 4-9 одделение беа вклучени во првата фаза од тестирањето на активностите/ експериментите подготвени од страна на Еко Логик. Овој проект е спроведуван од УНИЦЕФ со финансиска поддршка на Шведската агенција за меѓународна соработка и развој (СИДА).

Целите на проектот, се создавање на ресурси за подобрување на образованието за животна средина и климатски промени како и надградба на капацитети и знаења за конкретните теми.

Со оглед на остварените резултати од првата фаза на тестирање, нашето училиште продолжи со зголемено учество од наставен кадар и ученици во активностите во втората фаза на тестирање на активностите/експериментите, што траеше во период од месец Февруари до месец Април 2022 година.

Цели кои се постигнуваат со овој проект кај учениците:

- подигнување на свеста за зачувување на животната средина со специјален акцент на можните начини за намалувањето на емисиите на штетни гасови,
- развивање вештини за критичко размислување и решавање на проблеми

● подобрување на тимската работа и презентациски-комуникациските вештини кај учениците.

**4.5. Долготрајна воннаставна активност (пилот програма) - Сеопфатно сексуално образование (ССО)**

Нашето училиште е Пилот училиште за реализација на долготрајната воннаставна пилот програма за учениците од 9 одделение - Сеопфатно сексуално образование, која програма се спроведува во првото полугодие од оваа учебна година со согласност од родителите.
Цели на програмата се: да се измерат резултатите на знаења и ставови кај младите за теми од нивен интерес, да се подобри здравствената култура и едукација, на учениците, да се развие наставна програма која одговара на потребите и средината/културата во која живееме и да може полесно да се интегрира во наставата за основно образование согласно новата концепција.

Во нашето училиште во деветтите одделенија се реализираше долготрајна воннаставна активност (пилот програма) - Сеопфатно сексуално образование (ССО) во две групи од по 15 ученици од сите три девети одделенија. Вкупно се реализираа 72 наставни часа ( по 36 од двете групи - паралелки) со вкупно 30 ученици. Наставата ја реализираа обучени наставници и училишниот психолог. За време на реализацијата на часовите присуствуваа евалуатори од НВО Хера и советници од БРО.

Се реализираа консултативни средби со претставници од МОН, професори од Институтот по психологија вклучени во пилот програмата, советници од Бирото за развој на образованието како и претставници од НВО ХЕРА. Оваа долготрајна воннаставна активност пилот програма - ССО се реализира само во едно полугодие (прво полугодие) од учебната 2021/22 година.

**4.6. Учество на вебинари и обуки** организирани од ЕДУИНО, БРО и МОН на директор, наставен кадар и стручни соработници

**4.7. Дигитален саем за средно стручно образование**, организиран од проектот Образование за вработување во Северна Македонија – Е4Е@мк, поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка во соработка со Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

На **30 ноември и 1 декември, 2021 година од 13 часот**, учениците од деветто одделение од нашето училиште, одд. раководители, стучните соработници и директорката има можност да се запознаат со можностите за различни стручни образовни профили во средните стручни училишта, како и да слушнат успешни примери за соработка на средните стручни училишта со бизнис секторот и обраќања на лица од различни струки кои ќе го споделат своето професионално искуство.

Во **месец мај 2022година** учениците од деветто одделение со одделенските раководители и стручната служба присуствуваа на **Вториот дигитален саем** за средни училишта во нашата држава.

**4.8. „Употреба на инклузивен јазик“- работилници**

По повод 3ти декември „Меѓународниот ден на лицата со попреченост“, Министерството за образование и наука со поддршка на канцеларијата на УНИЦЕФ, нашето училиште учествуваше преку одржување часови, односно работилници на тема „Употреба на инклузивен јазик“ за учениците од четврто до деветто одделение, реализирани од одделенските раководители и стручните соработници во училиштето.

**4.9 Обука на тема: „Комуникациски компетенции“.**

Во организација на Фондацијата „Никола Кљусев“ се реализираше обуки/работилници за наставен кадар и стручни соработници во декември 2021 година на тема: „Комуникациски компетенции“.

Обуките се одвиваа во текот на еден работен ден, во времетраење од 4 часа. На обуките присуствуваа 25 учесници од нашето училиште: наставници , стручните соработници и директорката на училиштето.

Опфатени беа следниве теми: активно слушање, поттикнување дискусии, соработка со родители, справување со страв, анксиозност и импулсивност и селективно внимание и меморија.

Работилниците ги водеа Др. Људмил Кљусев, невропсихијатар, специјалист за детска и адолесцентна психијатрија и Д-р Весна Дамчевска Илиевска, експерт за лидерство, ненасилна комуникација и справување со конфликти.

**4.10 Обуката за критичко размислување, решавање проблеми и кодирање,**

Оваа обука се организира во рамките на програмата “Училишта на 21 век” за наставниците од одделенска настава и ќе се одржи онлјан на Moodle платформата на 13, 14, 15, 17 и 18

јануари 2022 година. На обуката присуствуваа 7 одделенски наставници пријавени од нашето училиште. Целта на обуката е одделенските наставници да се стекнат со вештини преку кои ќе го развиваат критичко размислување, решавањето проблеми и кодирање кај учениците во процесот на наставата и учењето.

**4.11 Учество во " Студијата за однесувањата поврзани со здравјето кај младите на училишна возраст"**

Оваа студија е меѓународно истражување кое се спроведува во 50 земји во светот во соработка со Светската здравствена организација. Студијата ги истражува однесувањата на учениците поврзани со здравјето и нивните животни навики во семејството, во училиштето и во заедницата во која тие учат и растат. Во нашето училиште со оваа студија во текот на месец март беа опфатени ученици од две паралелки од 6 и 8 одделение по случаен избор и со согласност од нивните родители.

Целта на оваа студија е стекнување нови увиди и подобро разбирање на децата во најчувствителниот развоен период, периодот на адолесценција.

**4.12 Општински натпревар за најдобро уреден училишен двор**

Во текот на месец мај во училиштето се преземаа повеќе активности за уредување на училишниот двор што резултираше со трета награда за учениците, наставниците и вработените за најдобро уреден училишен двор во Општина Карпош во конкуренција на 10 основни училишта.

**4.13 ЕУ"Твининг Проект- Како безбедно да се забавувате и играте онлајн"**

Агенцијата за заштита на личните податоци по повод 8 февруари - Ден на безбеден интернет организираше онлајн настан на кој учествуваа учениците и наставниците од 4 и 5 одделение и стручните соработници. Темата на овој настан беше "Како безбедно да се забавувате и играте онлајн". Учениците имаа можност активно да учествуваат во целиот настан со свои искуства согледувања и прашања.

Целта на овој настан беше учениците да се запознаат како безбедно да работат и учат на интернет и да ги согледаат начините за превенција од несоодветни однесувања на социјалните мрежи.

**4.14 Обуки за наставниот кадар во организација на Институтот Хајделберг**

На крајот на месец февруари и во почетокот на месец март во организација на Институтот Хајделберг за наставниот кадар се одржаа две дводневни обуки на тема:

1. Менаџментот на знаење како фактор за личен и професионален развој на наставниците

- Цел на обуката е подобрување на компетенциите на наставниците во однос на практицирање на формите за личен и професионален развој, како основа за подобрување на квалитетот на наставата и својата севкупна работа.

2. Подобрување на професионалните кометенции на наствниците за ефикасно информирање комунцирање и едуцирање на родителите на учениците.

- Цел на обуката е наставниците да се оспособат за користење на современи форми на информирање и комуницирање со родителите на учениците, со цел градење на партнерски однос и заедничко делување, кое ќе им помогне на учениците и наставниците за подобра заедничка интеракција.

Обуката се реализираше онлајн со присуство на 20 наставници, стручни соработници и директорот на училиштето. Реализатор на обуката беше д- р Мирјана Алексова.

**4.15 Едукативна училишна програма за пубертетот - Се што сакаш да знаеш за пубертетот**

Во соработка со МОН и со согласност од страна на родителите беше организирано предавање за ученичките од 6 то одделение.

Целта на ова предавање е да ги информира девојчињата за физичките и емотивните промени со кои се соочуваат за време на пубертетот.

**4.16 Активности по повод Денот на училиштето на тема Мир**

По повод Денот на училиштето на 28.03.2022г. наставниците и учениците од 1-9 одделение ја разработуваа темата Мир преку различни активности: постери, пораки, презентации, стрипови, цртежи, работилници.

Целта на овие активности беше учениците да го осознаат значењето на Мирот и сите негови компоненети во нашиот живот преку различни форми на работа и дискусија во зависност од возраста на учениците.

**4.17 Активности по повод Светскиот ден на Аутизам**

Во рамките на неделата за прифаќање и подигнување на свесноста за аутизам во нашето училиште во периодот од 28.03 до 02.04.2022 г. се реализираа активности со учениците и

наставниците од 1-9 одделение. Во овој период со учениците се реализираа креативно творечки работилници кои резултираа со прекрасни изработки и продукти кои го обележаа значењего на свесноста за прифаќањето на аутизмот.

**4.18 Работилници со МВР на град Скопје на тема " Безбедност во училиштата“**

Во соработка со МВР Скопје во училиштето се реализираа 4 тематски работилници на тема "Безбедност во училиштата" со учениците од 7 и 8 одделение. На работилниците одговорните лица од МВР со учениците ги разработуваа следните теми: правата на децата, препознавање, превенција и справување со секаков вид на насилно однесување, интернет насилство, семејно насилство и други видови несоодветни однесувања, недозволена трговија со деца , предизвиците на зависностите, пушење, дрога , алкохол и зависност од мобилни уреди.

Работилниците се реализираа преку активни форми на работи и дикусии со учениците.

**4.19 Државно тестирање на учениците од 3 одделение по наставните предмети македонски јазик и математика**

Во нашето училиште на 1 и 2 јуни се реализираше државно тестирање за учениците од 3 одделение по наставните предмети македонски јазик и математика.

Основна цел на државното тестирање е со користење на стандардни процедури и инструменти да се дадат објективни и веродостојни податоци за остварувањето на постигнувањата на учениците за наставните подрачја и наставните предмети од особена важност во текот на основното образование.

Државното тестирање е регулирано со Законот за основно образование и го спроведува Државниот испитен центар. Тестирањето на учениците беше набљудувано од страна на претставници на ДИЦ и на советници од БРО.

Од нашето училиште учествуваа 37 ученици од трето одделение по случаен избор.

**4.20 Обука " Спречување и борба против трговија со деца**"

Во месец ноември стручната служба, еден предметен и одделенски наставник и директорот на училиштето учествуваа на обуката "Спречување и борба против трговија со деца" .

Целта на обуката беше да се развие свесност и да се стекнат компетенции за препознавање, превенција и спречување на трговија со деца.

Тимот кој ја следеше обуката направи презентација и десиминација на обуката. Наставниот кадар во училиштето беше запознаен со сите форми и видови на идентификување, превенција и спречување на трговија со деца и каде треба да се пријави доколку се увиди дека постои.

**Првенец на генерација**

Оваа учебна година првенец на генерација е ученикот Јован Велковски од 9а одделение.

## 5. НАЧИНИ НА ИНФОРМИРАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ И ЈАВНОСТА

Информирањето на родителите за случувањата во училиштето и постигањата на учениците се остварува преку повеќе форми и тоа:

- Информации истакнати на огласната табла во училиштето
- Информации дадени за време на родителски средби
- Информации дадени од претставниците во Советот на родители и претставниците на Училишниот одбор
- Инф Информации што се пренесуваат од учениците
- Информации наведени во евидентниот лист за постигањата на ученикот
- Web – страна на училиштето **ooujanamoskomenski.edu.mk**

**ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ**

**„Јан Амос Коменски“ Општина Карпош**
**Ул. „Варшавска“ бр.23**
**Место - Скопје**
**Tel. 306 46 45; 307 88 99 Факс: 306 46 45**
**E-mail: oujak@yahoo.com**
**web : oоujanamoskomenski.edu.mk**
**Подрачна единица на БРО-Скопје**

## ГОДИШЕН СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

**за учебната 2021/2022 година**

Во училиштето наставата се изведува на:

1. Македонски јазик

2.______/_______ јазик

Директор

________________________

Маја Старова

**ПРЕГЛЕД**

на вкупниот број запишани ученици, паралелки и наставници
на крајот од учебната 2021/2022 година
(настава на македонски јазик)

**ООУ „Јан Амос Коменски“-Скопје**

| | **Ученици и паралелки по одделенија** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **I** | | **II** | | **III** | | **IV** | | **V** | | **VI** | | **VII** | | **VIII** | | **IX** | | **I-IX** | |
| | Пар. | Уч. | Пар. | Уч. | Пар. | Уч. | Пар. | Уч. | Пар. | Уч. | Пар | Уч. | Пар. | Уч. | Пар. | Уч. | Пар. | Уч | Пар. | Уч. |
| **I- IX** | 4 | 97 | 3 | 83 | 4 | 98 | 3 | 80 | 3 | 73 | 3 | 77 | 3 | 83 | 3 | 64 | 3 | 75 | 29 | 730 |
| **Вкупно** | 4 | 97 | 3 | 83 | 4 | 98 | 3 | 80 | 3 | 73 | 3 | 77 | 3 | 83 | 3 | 64 | 3 | 75 | 29 | 730 |

**ПРЕГЛЕД**

на наставниот кадар на крајот од учебната 2021/2022 година

| Наставен кадар по наставни јазици | Одделенска настава | | | | | Предметна настава | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Проф. | Наст. | Учит. | Неоф.образ. | Се. | Проф. | Наст. | Учит. | Неоф.образ. | Се. | |
| Македонски | 25 | 3 | / | / | 28 | 20 | 4 | / | / | 24 | **52** |
| Албански | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | **/** |
| Турски | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | **/** |
| Српски | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | **/** |
| Вкупно | 25 | 3 | / | / | 28 | 20 | 4 | / | / | 24 | **52** |

**ПРЕГЛЕД**

на раководниот и стручниот кадар на крајот од учебната 2021/2022 година

| Работно место | Завршено образобание | | Вкупен работен стаж | Работно искуство како директор, пом. и зам. директор, педагог, психолог, социолог, библиотекар |
|---|---|---|---|---|
| | ВСС | ВС | | |
| Директор | 1 | / | 36 | 13 |
| Педагог | 1 | / | 28 | 21 |
| Психолог | 1 | / | 19 | 18 |
| Библиотекар | 1 | / | 37 | 35 |
| Дефектолог | 1 | / | 2 | 2 |

**ПРЕГЛЕД**

на изостаноците на крајот од учебната 2021/2022 година

| Наставен јазик | Одд. / Вид | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Се |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | Оправдани | 1810 | 984 | 1960 | 445 | 681 | 1386 | 1591 | 1437 | 1745 | 12039 |
| | Неоправдани | / | / | / | / | / | 11 | 16 | / | 94 | 121 |
| | Се | 1810 | 984 | 1960 | 445 | 681 | 1397 | 1607 | 1437 | 1839 | 12160 |
| Албански јазик | Оправдани | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Неоправдани | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Се | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Турски јазик | Оправдани | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Неоправдани | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Се | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

**ПРЕГЛЕД**

на испишани на крајот од учебната 2021/2022 година

| Наставен јазик | I | | II | | III | | IV | | V | | VI | | VI I | | VIII | | IX | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вк | ж | Вк | ж | Вк | ж | Вк | ж | Вк | ж | Вк | ж | Вк | ж | Вк | ж | Вк | ж |
| Македонски | / | / | / | / | 1 | / | 1 | 1 | 1 | 1 | / | / | 1 | 1 | / | / | / | / |
| Албански | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Турски | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

**ПРЕГЛЕД**

на поведението на учениците на крајот од учебната 2021/2022 година

| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Се |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерно | 97 | 83 | 98 | 80 | 73 | 77 | 83 | 64 | 75 | 730 |
| Добро | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Незадоволително | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

**ПРЕГЛЕД**

на бројот на учениците со продолжен престој во училиштето на крајот од учебната 2021/2022 година

| Наставен јазик | Продолжен престој 1-3 одделение | | | Дневен престој 4-5 одделение | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Паралелки | Ученици | Наставници | Паралелки | Ученици | Наставници |
| Македонски | 11 | 270 | 22 | 2 | 20 | 2 |
| Албански | / | / | / | / | / | / |
| Турски | / | / | / | / | / | / |

**ПРЕГЛЕД**

на учениците кои користат исхрана на крајот од учебната 2021/2022 година

| Наставен јазик | Исхрана во училишна кујна | Друг вид на исхрана | Самоиницијативно |
|---|---|---|---|
| Македонски | 290 | 75 | / |
| Албански | / | / | / |
| Турски | / | / | / |

## ПРЕГЛЕД

на крајот од учебната 2021/2022 година

(македонски наставен јазик)

**ООУ„ Јан Амос Коменски“ Скопје**

| Одделение | Вкупно | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | Вкупно | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | Средна оценка (просек) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | одлични | | мн.добри | | добри | | доволни | | | | со 1 слаби | | со 2 слаби | | со 3 слаби | | неоценети | | |
| | се | ж | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | Оп.оц. | |
| I | 97 | 44 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 97 | / |
| II | 83 | 40 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 83 | / |
| III | 98 | 48 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 98 | / |
| IV | 80 | 45 | 80 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 4.99 |
| V | 73 | 37 | 73 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 4.96 |
| **I-V** | 431 | 214 | 153 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | **278** | 4.97 |
| VI | 77 | 36 | 67 | / | 10 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 4.86 |
| VII | 83 | 50 | 78 | / | 5 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 4.90 |
| VIII | 64 | 26 | 53 | / | 10 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 4.73 |
| IX | 75 | 35 | 64 | / | 11 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 4.80 |
| **VI-IX** | 299 | 147 | 262 | / | 36 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 4.82 |
| **I-IX** | **730** | **361** | **415** | / | **36** | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | **278** | 4.87 |

**Забелешка:** Описно се оценети 278 ученици од 1-3 одделение, а бројчано 452 ученици од 4-9 одделение.

**Првенец на генерацијата е ученикот Јован Велковски од 9а одделение.**

**Заклучни согледувања:**

ООУ „Јан Амос Коменски“ успешно ја реализира Годишната програма за работа предвидена за учебната 2021/2022 година. Во реализацијата земени се во предвид сите законски промени донесени од МОН и БРО – Скопје.

Годишниот извештај на ООУ „Јан Амос Коменски“ е резултат на целокупната активност на наставниот и раководниот кадар.

Учебната 2021/2022 година се карактеризира со променети услови за работа: скратени наставни програми од БРО и МОН, реализација на наставата според План и Протоколи дадени од МОН, настава со физичко присуство (од 1-во до 9-то одд.) и учење на далечина (од 1-то до 9-то одд.) за ученици по барање поднесено од родител поради медицински или немедицински причини.. Во овој период наставата беше реализирана во целост со максимална посветеност на наставниот кадар и стручните соработници. Соработката на учениците и родителите со наставниците се одвиваше во континуитет на високо професионално ниво.

Во прибирањето информации за овој извештај учествуваа сите училишни тимови формирани од Наставничкиот совет, а наведени во Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2021/2022 година.

Извештајот беше утврден на седница на Наставничкиот совет на ден 23.08.2022 година.

| | |
|---|---|
| Директор | Претседател на Училишен одбор |
| ____________________ | ______________________________ |
| Маја Старова | Мирјана Филев |

**Тим за изработка на Годишниот извештај за работата на ООУ„ Јан Амос Коменски“ - Скоште за учебната 2021/2022 година:**

1. Маја Старова – директор;

2. Стручни соработници:

Соња Казакова-педагог

Елизабета Ивановик-психолог

Стефани Ѓорѓиевска- дефектолог (специјален едукатор и рехабилитатор)

3. Александра Блажевска – наставник по хемија-ментор

4. Лирие Мемети – наставник по информатика;

5. Тимови од одделенска и предметна настава

Директор на училиштето

______________________

Маја Старова